ОПШТИНА ШТИП
КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ШТИП



СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

штип, 2016

СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

-СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ-

зборник на трудови

2016, ШТИП

ОПШТИНА ШТИП
КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

-состојби, предизвици и перспективи-

2016, Штип

MUNICIPALITY OF STIP

COMMITTEE ON EDUCATION, COUNCIL OF THE MUNICIPALITY OF STIP

FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCES

CONDITIONS, CHALLENGES AND PERSPECTIVES IN EDUCATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

2016, STIP

Издава
НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип

За издавачот
Милена Ристова-Михајловска

Организационен одбор
Снежана Мирасчиева–претседател

Членови
Соња Петровска, Емилија Петрова Ѓорѓева, Никола Смилков, Снежана Јованова Митковска, Даниела Коцева, Весна Ничева, Елена Ташкова, Јовче Арсов, Соња Николова, Атанас Крстовски, Цветанка Красиќ, Снежана Санева, Илија Митров, Трајан Коцев, Данче Николовска Вратеовска, Димитар Љуботенски, Зоран Костовски, Вања Џамбазова Николовска, Јане Миланов, Маја Ашкилова, Јордан Митков, Ирена Китанова, Верица Јосимовска, Оливер Цацков

главен и одговорен уредник
Снежана Мирасчиева

уредник
Соња Петровска

уредувачки одбор
Снежана Мирасчиева (Македонија), Димитар Димитров (Бугарија), Младен Вилотијевиќ (Србија), Нина Биједиќ (Босна и Херцеговина), Лилјана Тодорова (Бугарија), Татјана Атанасова Пачемска (Македонија), Кристинка Селаковиќ (Србија), Јосип Милат (Хрватска), Емилија Петрова Ѓорѓева (Македонија), Трајан Попкочев (Бугарија), Крстивоје Шпијуновиќ (Србија)

јазична редакција на македонски јазик
Весна Ристова

лектура на англиски јазик
Снежана Кирова

дизајн на корица
Никола Смилков

техничка поддршка
Верица Јосимовска

печати
Полиестердеј -исток, Штип
Тираж 500

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37(082)

СОВРЕМЕНОТО воспитание и образование : состојби, предизвици и перспективи : зборник на трудови / [главен и одговорен уредник Снежана Мирасчиева]. - Штип : НУ Универзитетска библиотека "Гоце Делчев", 2016. - стр.148 : илустр.53; 30 см

На наспор. насл. стр.: Conditions, challenges and perspectives in education in the Republic of Macedonia. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите. - Abstract

ISBN 978-608-242-037-0
1. Ств. насл. на наспор. насл. стр.
а) Образование - Зборници
COBISS.MK-ID 102297098

СОДРЖИНА

Предговор.....10

1. Марина Алексовска, Виолета Стошевска, Лидија Николовска – Георгиевска
Растеме заедно
Marina Aleksovska, Violeta Stosevska, Lidija Nikolovska-Georgievska
We grow together.....11

2. Билјана Ефтимова Бошкова, Деспина Сивевска
Природната околина како средина за учење на децата од предучилишна возраст
Biljana Eftimova Boskova, Despina Sivevska
Natural environment as a learning environment of preschool children.....13

3. Емилија Петрова Ѓорѓева
Карактеристики на современото училиште во контекст на воспитната компонента
Emilija Petrova Gjorgjeva
Characteristics of modern school in the context of the educational component.....19

4. Валентина Петрушева
Естетското – важен аспект на современото образование и воспитание
Valentina Petruseva
Aesthetic – an important aspect of the contemporary education and upbringing 22

5. Габриела Димова
Здравствената едукација на родителите - тенденција на образованието денес
Gabriela Dimova
Health education of parents - tendency of education today 26

6. Снежана Јованова-Митковска
Техники на учење во високошколската настава
Snezana Jovanova- Mitkovska
Technique of learning at the academic teaching……..……..... 30

7. Снежана Мирасчиева
Современа настава за современо образование
Snezana Mirascieva
Modern teaching for modern education ..……..…….....……... 35

8. Верица Јосимовска
Застапеноста на интеркултуралните вредности во системот на современото образование и воспитание
Verica Josimovska
The presence of intercultural values in system contemporary education……..... 38

9. Милена Ристова-Михајловска
Жанрот полемики во старата писмена традиција и неговата актуелност во современиот образовен процес
Milena Ristova-Mihajlovska
The genre polemics in the old written tradition and its relevance in the modern educational process …….....……..... 41

10. Павлина Николовска, Нада Ѓоргова, Влатко Николовски

Специфични развојни потешкотии кај децата како проблем во современото образование
Pavlina Nikolovska, Nada Gjorgova, Vlatko Nikolovski
Specific developmentaldisorders in children as a problem in modern education……..... 49

11. Славица Танева Анева
Инклузијата во образованието, позитивните и негативните страни од аспект на општеството со посебен осврт на ученици со аутизам
Slavica Taneva Aneva
Inclusion in education, advantages and disadvantages with respect of society with special reference to students with autism ...……..……..... 55

12. Даниела Коцева
Меѓуетничките односи во образовниот систем
Daniela Koceva
Interethnic relations in the educational system……..... 58

13. Стојко Стојков
Изучувањето на македонската национална историја во бугарските училишта
Stojko Stojkov
The study of Macedonian national history in Bulgarian schools ……..……. 63

14. Снежана Јованова-Митковска
Социометриски истражувања-потреба, значење
Snezana Jovanoa-Mitkovska
Sociometric research - necessity, importance ..……...……..... 67

15. Елена Мирасчиева
Методот на демонстрација во индивидуалната настава по флејта
Elena Mirascieva
Method of demonstration in individual teaching of fluite ……...…… 73

16. Оливер Цацков
Учењето по пат на откривање незаменлива компонента во наставата по историја
Oliver Cackov
Learning by exploring - irreplaceable component in the teaching of history……..... 76

17. Драгана Кузмановска, Снежана Кирова, Биљана Иванова
Интернационалниот карактер на народните пословици и поговорки
Dragana Kuzmanovska, Snezana Kirova, Biljana Ivanova
International character of sayings and proverbs ……..... 79

18. Марија Тодорова, Татјана Уланска
Рано изучување на странски јазик
Marija Todorova, Tatjana Ulanska
Early language acquisition 83

19. Лилјана Макаријоска, Жаклина Ѓорѓиоска
Кон реализацијата на областа дијалектологија во гимназиското образование
Liljana Makarijoska, Zaklina Gjorgjioska
Towards the implementation of the area of dialectology in high school education …...…… 87

20. Деспина Сивевска
Средствата за масовна комуникација и слободното време на децата и младите
Despina Sivevska
Means of mass communication and leisure time of children and youth……..... 92

21. Киро Јорданов
Градиме мостови преку МИО активности
Kiro Jordanov
Building bridges through MIE's activities 97

22. Веска Влахова
Педагошкиот пристап во образовниот процес на субјектот – наставник во корелација со субјектот ученик
Veska Vlahova
Pedagogical approach in the educational process of the subject – teacher in relation to the subject – student ……..... 105

23. Билјана Алексова Даневска
Техники за градење на самодоверба кај децата во ран детски развој од одделенска настава во наставата по англиски јазик
Biljana Aleksova Danevska
Techniques for building confidence in children in early child development in lower grades in teaching english language ……...……. 109

24. Киро Јорданов, Драгица Петрова, Загорка Чапова
Дигитална зависност кај учениците
Kiro Jordanov, Dragica Petrova, Zagorka Chapova
Digital addiction of students …….……. 115

25. Славица Стојанова, Трајче Стојанов
Образованието како место за изградба на добар граѓанин
Slavica Stojanova, Trajce Stojanov
Education as a place for building a good citizen 124

26. Снежана Ставрева Веселинова, Трајче Стојанов
Од екоетика до екосвест
Snezana Stavreva Veselinova, Trajce Stojanov
From eco-ethics to eco-awareness 128

27. Снежана Мојсоска, Данче Николовска Вратеовска
Економскиот раст и знаењето за банкарските наспроти пазарните финансиски системи
Snezana Mojsoska, Danche Nikolovska Vrateovska
The economic growth and the knowledge about banking versus market financial systems ...…….....……..... 131

28. Слаѓана Костадиновска, Данче Николовска Вратеовска, Миле Вратеовски
Функциите на менаџментот на човечки ресурси и банкарските институции
Slagjana Kostadinovska, Danche Nikolovska Vrateovska, Mile Vrateovski
Functions of the management of human resources and the banking institutions……..... 136

29. Данче Николовска Вратеовска
Наученото од глобалната економска криза (2008) за силните и слабите страни на финансискиот систем и макроекономската стабилност во македонија
Dance Nikolovska Vrateovska
The learned of the global economic crisis (2008) about the strenghts and the weaknesses of the financial system and macroeconomic stability in Macedonia……..... 140

30. Данче Николовска Вратеовска
Детерминантите на инфлацијата низ различните макроекономски школи
Dance Nikolovska Vrateovska
Detreminants of the inflation through the various macroeconomic schools 145

- Benson, John, *Environmental Ethics: An Introduction with Readings*, (London: Routledge, 2001).
- Blackstone, William T., "Ethics and Ecology" in Blackstone, William T. (ed.), *Philosophy and Environmental Crisis*, (Athens, University of Georgia Press, 1972): 16-42.
- Gewirth, Alan, "Human Rights and Future Generations" in Boylan, Michael (ed.), *Environmental Ethics*, (New Jersey: Prentice Hall, 2001): 207-211.
- Warren, Mary Anne, *Moral Status: Obligations to Persons and Other Living Things*, (Oxford: Oxford University Press, 2000).

УДК 330.35:336.71
(прегледен труд)

ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И ЗНАЕЊЕТО ЗА БАНКАРСКИТЕ НАСПРОТИ ПАЗАРНИТЕ ФИНАНСИСКИ СИСТЕМИ

Снежана Мојсоска[1], Данче Николовска Вратеовска[2]
[1]Факултет за безбедност, Универзитет „Климент Охридски“ Битола,
[2]Совет на о.Штип

Апстракт: *Финансиските институции се своевиден крвоток во секоја економија без чиешто ефикасно функционирање не може да се остварува економскиот раст и развој. Овој труд, користејќи ги методите на анализа, синтеза, компаратовниот, дедуктивниот и индуктивниот метод, има за цел да го анализира влијанието на различните типови на финансиски системи врз економскиот раст во економијата.*

Клучни зборови*: економски раст и развој, финансиски институции.*

ECONOMIC GROWTH AND KNOWLEDGE ABOUT BANKING VERSUS MARKET FINANCIAL SYSTEMS

Snezana Mojsoska[1], Danche Nikolovska Vrateovska[2]
[1]Faculty of Security-Skopje-University "St. Kliment Ohridski" Bitola, [2]Local Goverment- Shtip

Abstract: *The financial institutions are a kind of a bloodstream of every economy, without whose efficient functioning economic growth and development cannot be achieved. This paper, using the methods of analysis, synthesis, comparison, deduction and induction, aims at analyzing the impact of different types of financial systems on economic growth.*

Keywords*: economic growth and development, financial institutions.*

Вовед

Успешноста од ефикасното функционирање на финансиските институции во рамки на финансискиот систем, влијае врз животниот стандард и благосостојбата на секој поединец во општеството. Финансиските институции се тие што ги колективираат заштедите кај луѓето и ги алоцираат кај економските агенти кои имаат профитабилни инвестициони можности, при тоа зголемувајќи го производниот капацитет на економијата. Финансиските институции исто така овозможуваат економските агенти да ја одложат својата тековна потрошувачка во идна (стимулирајќи ги нивните заштеди), а од друга страна и истовремено, дозволуваат потрошувачите да трошат над нивото на нивниот расположлив доход (преку кредитните пласмани). Ефикасното функционирање на финансискиот систем и финансиските институции и нивното ефектуирање на економии од обем како и на пониски оперативни (информациони и трансакциони) трошоци на финансискиот пазар, обезбедува забрзан економски раст. И спротивно, неправилното функционирање на финансиските институции и финансиксиот систем, повлекува недоволна мобилизација на финансиски средства, пад на потрошувачката, пад на производството, недоволна искористеност на расположливите ресурси, пад на вработеноста и намален животен стандард.

Постојат бројни теоретски модели коишто покажуваат дека финансиките институции, како финансиски интермедијари, овозможуват намалување на информационите и трансаксицноте трошоци, ги истражуваат и рангираат потенцијалните инвестициони проекти според нивната профитабилност, извршуваат коорпоративна контрола, го менаџираат ризикот, ги мобилизираат заштедите и ја олеснуваат размената.



Графикон бр.1: Модел на Кинг и Левин за финансии и раст

Компаративните предности и недостатоци на банкарско ориентираните наспроти пазарно ориентираните финансиски системи

Системите во коишто банките се доминантни и најважни институции, односно системите во коишто, во вкупниот финансиски систем, според различни критериуми, преовладуваат банките, главно се нарекуваат банкарски ориентирани системи, а оние пак, кај коишто пазарот на капитал претставува основен извор на финансирање и според составот доминираат небанкарските финансиски институции, се нарекуваат пазарно ориентирани финансиски системи. Банкарски ориентираните системи им овозможуваат на компаниите долгорочен, релативно стабилен начин на финансирање, додека пак пазарно ориентираните се со поголема осцилаторност и се во состојба брзо да го трансферираат капиталот кон новите компании во растечките гранки. Тие се стремат да ги задоволат различните преференции на вложувачите, во смисла на ризичноста и враќањето на вложувањата, односно обезбедувањето ликвидност и транспарентност на вложувањата. Емпириските

анализи покажуваат дека при ниски нивоа на економски развој, какао кај нискодоходовните транзициони економии, комерцијалните банки се апсолутни финансиски институции. Меѓутоа, со растот на економиите, доаѓа до развој на специјализирани небанкарски финансиски институции и на пазарите на хартии од вредност. Со текот на времето се јавувале различни мислења за предностите и негативностите на банкарските и пазарно ориентираните финансиски системи.

Табела бр.1 Банкарски ориентиран v.s. пазарно ориентиран финансиски систем

<table>
<tr><th colspan="2">Банкарско ориентиран финансиски систем</th><th colspan="2">Пазарно ориентиран финансиски систем</th></tr>
<tr><td colspan="2">Карактеристики:
-банките се доминантен облик на финансиски посредници, според различните критериуми (имот, број, институција). Поголемиот износ на финансискиот имот е во форма на кредити и депозити.</td><td colspan="2">Карактеристики:
-главен екстерен облик на финансирање е пазарот на капитал, кој е развиен, а небанкарските посредници имаат голем дел од имотот од финансискиот систем. Хартиите од вредност се доминантен облик на финансиски имот.</td></tr>
<tr><th>Предности</th><th>Недостатоци</th><th>Предности</th><th>Недостатоци</th></tr>
<tr><td>-сигурност во враќањето на вложе-ните средства;
-долгорочно добар однос меѓу банката и корисниците придонесува за зголемување на квалитетот на ус-лугите и ги нама-лува трошоците;
-стабилен извор на финансирање;
-ниски трошоци за собирање инфор-мации.</td><td>-поризичните проекти не се во можност да добијат кредит;
-можност за злоупотреба на положбата и влија-нието;
-големо влијание од државата;</td><td>-брз трансфер на капитал кон млади-те брзорастечки компании;
-поголема можност за заработувачка рамномерна на ризикот;
-овозможуваат пот-полна или делумна продажба на соп-ственоста;
-овозможуваат поја-ва и развој на различни финанси-ски посредници;</td><td>-волатилност;
-несигурност (ризик) за враќањето на вложени-те пари;
-„проблем на бесплатно возење”;
-развиениот пазар има за последица дисперзирана сопственост, што има слаби мотиви за извршување на сопстве-ничките функции, односно следење на менаџментот.</td></tr>
</table>

Извор: Мојсоска С. (2011)- Инвестициските фондови, потреба и перспектива за развој во Р.Македонија, докторска дисертација, Економски факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски,“ , Прилеп, 2011

Приврзаниците на *банкарски ориентираните* системи сметаат дека пазарот не може квалитетно да ја изврши задачата од аспект на намалувањето на информациската асиметрија, а пазарот ја поттикнува и развива појавата на „проблемот на бесплатно возење“, бидејќи информациите брзо се шират, а корисноста од нив можат да ја имаат и оние кои не се ангажирале за нивното добивање. Во таквите системи, пак на ниво на националната економија, не се вложува доволно во собирањето информации, а со тоа се зголемува проблемот за асиметрија на информациите, што резултира со неефикасна алокација на штедењето. Наспроти тоа, ексклузивноста и приватноста на информациите ја намалува можноста за појава на наведениот „проблем на бесплатно возење“ преку поврзаноста меѓу банката и клиентот, при што се намалуваат трошоците за собирање информации, а се зголемува квалитетот. Развиениот пазар функционира во дисперзирана сопственост, што значи можат да се јават слаби мотиви за извршување на сопственичките функции, односно следење и контрола на менаџментот. Ликвидните пазари овозможуваат лесна продажба на акциите, па сопствениците помалку се заинтересирани за следење на квалитетот на работењето.

Аргументите на *пазарно ориентираните* приврзаници се дека примарна цел на банката е сигурноста на враќањето на средствата, па затоа тие ги поттикнуваат инвеститорите на конзервативни проекти, а новите и високоризичните проекти со големо враќање, остануваат без финансирање. Наспроти ова, развиените и ликвидни пазари на капитал овозможуваат трансформација на сопственоста, и тоа до крајот на траењето на проектот, а на тој начин инвеститорите се охрабрени да вложуваат во долгорочни проекти со повисоки приноси. Исто така, во теоријата се среќава и тврдењето дека со градењето на долгорочниот однос меѓу корисниците на услугите и банките, тие многу влијаат врз нив, така што овој однос може да биде злоупотребен и банките да се јават во улога

на ефективни сопственици. Сепак, пазарот познавајќи збир од богати и флексибилни финансиски инструменти, овозможува квалитетно и корисно управување со ризикот (Levine, 2002).

Најновите истражувања го застапуваат мислењето дека поделбата на банкарски ориентирани и пазарно ориентирани системи не е правилен пристап за разбирање на економскиот раст на земјата и финансискиот систем. Оттука, Levine предложил функционален пристап кон финансискиот развој на банките и пазарот, при што тој ги гледа нив како комплементарни институции, што своите задачи ги извршуваат различно, но меѓусебно се дополнуваат со услугите, а со тоа позитивно влијаат на растот на економијата (Levine, 2002).

Покрај овој функционален пристап, во 1998 година La Porta (1998), става акцент на значењето на правниот пристап во финансиската структура, што се состои од збир на финансиски договори, чија ефикасност зависи од ефикасноста на целокупниот правен систем. Имено, тој треба да осигура висок степен на заштита на инвеститорите, а со тоа да придонесе за зголемување на нивната подготвеност за финансирање на одделни инвестициски проекти. Според него, правното потекло на националните законодавства ја објаснува разликата во начините на функционирање и организација на финансиските системи.

Правните системи во државите што ги штитат правата на акционерите, кредиторите и странските инвеститори, постојат само на развиените пазари на капитал. Од друга страна, во државите каде што заштитата е помала, главно, се развивале банкарски ориентираните системи. Досегашните истражувања потврдуваат дека влијанието на државата врз банкарски ориентираните системи е многу големо. Но, мешањето на државата носи опасност од неефикасна и неадекватна алокација на средствата, т.е. алокација на средствата врз основа на привилегирани и непазарни односи (Николовска Вратеовска, 2015).

Процесот на создавање на разликите помеѓу типовите на финансиски системи и нивно мапирање

Типични претставници на двата типа системи се Германија и САД. Во ´90 години од минатиот век дури со 75% банките учествувале во вкупната актива на финансискиот систем на Германија. Во исто време, учеството на овие институции во САД било помалку од 25%. Една од најраширените теории, што ја објаснува разликата меѓу овие два система е т.н. теорија за времето на индустријализација, според којашто разликите се манифестираат само во почетокот на процесот на индустријализација. Државите во коишто тој процес е започнат порано (на пример во Британија), биле во можност новите проекти да ги финансираат, преку интерните извори, или со издавање хартии од вредност и тоа на релативно развиените финансиски пазари. Во државите, во коишто, пак, процесот на индустријализација започнал нешто подоцна се забележува дека деловните субјекти немаат сопствени извори за финансирање или тие извори не се доволни за големи инвестиции во технологијата и инфраструктурата. Бидејќи пазарите на капитал не биле доволно развиени, а инвеститорите биле ориентирани кон вложувања во сигурни облици на финансиски имот (на пример, државни обврзници) единствени институции, што можеле да пласираат таков капитал и да преземат ризик, односно да го следат својот пласман биле банките.

Првата голема разлика во финансиските системи на Германија и САД настанала во 30-тите до 40-тите години од минатиот век, односно Големата криза од 1933 година, кога водечките светски економии пристапиле кон различни регулаторни и надзорни мерки над финансискиот систем. Фундаменталното прашање со коешто се занимавале државите во тоа време било: како одново да се врати довербата во финансискиот систем? Во Јапонија и Германија постоел многу критичен пристап или т.н. пазарна капитализација, така што политичката елита, што била ориентирана кон таков финансиски систем, се потпирала на банките.

Другата насока била во која мера финансиските системи можат да се искористат како национален извор за постигнување социјални и економски цели. Laissez-fair финансиските системи, што биле изградени до финансиската криза, биле многу слаба поддршка за заздравување од банкарските кризи и депресии, поттикнување развој на клучните индустриски гранки и поствоената обнова.

Во САД државниот апарат бил ориентиран кон развој на финансискиот пазар, при што тие се определиле да го искористат финансискиот систем индиректно, односно преку поттикнување за купување државни обврзници и одделни даночни олеснувања за определени типови вложувања. Денес пак, САД може да се вброи во пазарно ориентираните финансиски системи во коишто пазарот на хартии од вредност го сочинува доминантниот облик на финансиски имот. Од друга страна, Европа не треба да се вбројува во банкарски ориентираните системи. Имено, во Европа постои

мозаик од различни финансиски структури, така што од аспект на апроксимацијата, може да се зборува за три видови финансиски структури, и тоа (Мојсоска, 2011):

- ❖ држави со развиени пазари на сопственички капитал (Велика Британија, Шведска, Финска и Шпанија);
- ❖ држави со средно развиен пазарно-сопственички капитал и многу развиени банкарски системи (Германија, Италија, Данска, Грција и Ирска);
- ❖ држави со многу развиен банкарски систем и паралелно неразвиен пазар на капитал (Австрија, Белгија и Португалија).

Собирањето на податоците и анализирањето на финансиското влијание, финансиската развиеност и структура, особено било нагласено во 90-тите години, или поточно, откако се формирала база на податоци т.н. Financial Structure Database со којашто е овозможена споредба меѓу различните финансиски системи врз основа на показателите за големината, активностите и ефикасноста на финансиските посредници и пазарот. Притоа, најчесто се користат определени индикатори со чија помош се врши проценка на финансиската длабочина и структура на одделни финансиски елементи и тоа: БДП, средствата на централната банка во однос на вкупните финансиски средства, депозитните средства во однос на вкупните финансиски средства, ликвидните обврски во однос на БНП[1], средствата на централната банка во однос на БНП, банкарските депозити во однос на БНП, банкарската концентрација, пазарот на хартии од вредност во однос на БНП и сл. Индикаторите се општоприфатени, заради цврстата методолошка темелност, конзистентноста и споредливоста, а нив ги обезбедува Светската банка. Вообичаено е податоците да се споредуваат со доходот на државата, односно со припадноста на поединечните нивоа на развиеност, мерени според БДП по жител.

Интеркацијата помеѓу големината на финансискиот систем и економскиот раст

Анализата на големината на финансискиот сектор и доходовноста на економиите, покажува дека со порастот на доходот, доаѓа до зголемување на средствата на институционалните инвеститори во однос на БДП во одделните земји. Кај високодоходните групи на земји, средствата на инвестиционите фондови како % од БДП изнесуваат 95,43%, средствата на осигурителните компании: 91,63%, средствата на пензиските фондови: 30,97%; кај групата средно високодоходни земји средствата на инвестиционите фондови како % од БДП изнесуваат 56,86%, средствата на осигурителните компании: 48,09%, средствата на пензиските фондови: 31,35%; кај групата средно нискодоходни земји средствата на инвестиционите фондови како % од БДП изнесуваат 7,87%, средствата на осигурителните компании: 9,57%, средствата на пензиските фондови: 5,08% и кај групата нискодоходни земји средствата на инвестиционите фондови како % од БДП изнесуваат 1,77%, средствата на осигурителните компании: 3,12%, средствата на пензиските фондови: 2,05%. Доколку се направи компаративна анализа на големината на банкарскиот сектор и институционалните инвеститори по различни доходни групи на земји, се доаѓа до заклучоците дека пооделните учества и на двата сектора од финансискиот систем во однос на БДП, растат со порастот на доходот, дека со порастот на доходот се зголемува учеството на институционалните инвеститори како процент од БДП и дека доминантно учество во вкупните средства имаат средствата на банките со исклучок на групата високодоходни земји каде што доминираат средствата на институционалните инвеститори. Имено, кај нискодоходните земји износот на средствата на банките /БДП е 4,31% а износот на средствата на институционалните инвеститори/БДП изнесува 2,35%; кај средно нискодоходните земји износот на средствата на банките /БДП е 80,89% а износот на средствата на институционалните инвеститори/БДП изнесува 7,69%; кај средно високодоходните земји износот на средствата на банките /БДП е 115,70% а износот на средствата на институционалните инвеститори/БДП изнесува 45,43% и кај високодоходните земји износот на средствата на банките /БДП е 112,17% а износот на средствата на институционалните инвеститори/БДП изнесува 357,68% (Наумова, 2013).

Заклучок

Во однос на тоа, дали банкарско ориентираните или пазарно ориентираните финансиски системи т.е. дали банакарските или небанкарските финансиски институции се подобра поддршка на економскит раст и развој, различни мислители дале и различни аргументи во прилог на едната или на другата страна, но многу комплексни истражувања како и компаративаната анализа на перформансите на земји типични претставнички на едниот или другиот модел, го потврдуваат фактот

[1] БНП е кратенка за Бруто национален призвод.

дека, целокупниот финансиски развој и комплементарноста на банакарските и небанкарските финансиски институции, помагаат да се објасни успешниот раст кај многу од земјите и дека развојот и правилното и ефикасно функционирање на финансиските институции зависи од: правната рамка во земјата и регулаторните механизми, заштитата на сопственичките права, доследното и брзо спроведување на договорите, заштитата на инвеститорските права, сеопфатните и меѓународно споредливи сметководствени стандарди, транспарентноста на економските агенти, макроекономската агенда, политичката стабилност, културолошките специфики на земјата итн.

Литература

- Мојсоска, С. (2011). *Инвестициските фондови, потреба и перспектива за развој во Р.Македонија*, докторска дисертација, Економски факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Прилеп, 2011
- Николовска Вратеовска, Д. (2015). *Економската стабилност низ призма на финансискиот систем*, НУУБ „Гоце Делчев“, Штип, 2015
- Наумова, Е. (2013). *Влијанието на финансискиот сектор врз економскиот раст со посебен осврт на Р. Македонија*, докторска дисертација, Економски факултет, УКИМ, 2013
- King and Levine, R. (1993)- “Financial and Growth: Shumpeter Might be Right, *Quartely Journal of economics, 1993*
- Levine, R. (2002) – “Bank-Based or Market-Based Financial Systems: Which Is Better? *Journal of Financial Intermediation*, 2002
- La Porta, R. (1998)-„Law and Finance„ *The Journal of Political Economy, Volume 106, Issue 6, 1998*

УДК 005.96:336.71]:303.72
(прегледен труд)

ФУНКЦИИТЕ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И БАНКАРСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Слаѓана Костадиновска[1], Данче Николовска Вратеовска[2] , Миле Вратеовски[3]
[1]Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, [2]Совет на о.Штип, [3]НУЦК „Ацо Шопов“ Штип

Апстракт: *Менаџментот на човекови ресурси е еден од клучните фактори за успешно функционирање во една организација. Со правилно менаџирање на човековите ресурси се обезбедуваат квалификувани, посветени и мотивирани човекови ресурси, како базични двигатели во постигнувањето на организациските цели. Овој труд преку користењето на индуктивниот и дедуктивниот научен метод, методот на синтеза и анализа како и методот на генерализација, ги дефинира основните функции на менаџментот на човековите ресурси и одговара на прашањето: зошто тие се од суштествена важност во банкарските институции?*

Клучни зборови*: менаџмент, човечки ресурси, организациони цели, банкарски институции*.

FUNCTIONS OF THE MANAGEMENT OF HUMAN RESOURCES AND THE BANKING INSTITUTIONS

Slagjana Kostadinovska[1], Danche Nikolovska Vrateovska[2], Mile Vrateovski[3]
[1]Faculty of Economics, Goce Delchev University, Shtip, [2]Local Government– Shtip, [3]NUCK “Aco Shopov” Shtip

Abstract: *Management of human resources is the key factor for the successful functioning of an organization. With proper management of human resources qualified, committed and motivated human resources that are basic engines in achieving organizational goals are provided. Through the use of inductive and deductive scientific method, synthesis*